бидејќи месната организација уште не се опоравила, по големиот удар нанесен од провалата на Мицка. Д-ро Питу правеше се да ја постави на нозе, бидејќи услови има и ќе има уште повеќе за нејзиниот развој тука, и сега кога се покажуваа првите плодови од тие напори д-ро Питу исчезнува. . . . .

Штом ќе ги дознаам првите сигурни податоци за него и за настаните во петокот кај Водно, ќе ви пишам. Се ќе сторам да дојдам до нив што посигурно и побргу. . . . ."

А во писмото од 22. II. 1944 година во кое Љупчо Арсов, го известува Добривое Радосавлевиќ — Боби за убиството на Кузман Јосифовски—Питу, меѓу другите соопштенија се вели:

„. . . . . . Другарот Кузман имаше фалсификат лична карта. Долго се зборуваше дека полицијата го нема откриено кој во мртовечницата е чуван до 5 ов. м. затоа и сметав дека не треба да им се јави на неговите домашни за да не го бараат неговото тело и да го пренесат дома".

Така го заврши својот животен пат Народниот Херој Кузман Јосифовски — Питу, чија револуционерна дејност има видно место и значење во исходот на конечната победа на вооружената ослободителна борба на македонскиот народ.

*И. Катарџиев*

## ДВА ПРАВИЛНИКА НА ВМРО ОД ПРЕДИЛИНДЕНСКИОТ ПЕРИОД

Една од основните слабости за поцелосно проучување на ВМРО секојпат претставувал недостатокот на доволно објавена изворна документација, а особено, непознавањето на нејзините основни документи: уставите и правилниците. Ова непознавање на тие документи често пати било причина за искривено прикажување на развојниот пат на Организацијата. Тоа не дозволуваше од изворот да се согледаат почетните стапки на македонското национално революционерно движење, неговото растење и развивање и промените извршени во текот на неговото оформување. Поради тоа е создадена прилична збрка: околу името на Организацијата, територијата на која се простирала или требало да се простира нејзината активност, целите, начинот на примањето во членство итн.

Во досегашната историска литература што се однесува до ВМРО, единствено е познат само Уставот од 1897 год. објавен во Бугарија во 1955 год. Другите устави, пред се оној од 1894 год. како и оној од 1902 не се познати. Уште помалку се познати правилниците на Организацијата. Додека за уставите нешто и може да се најде во спомените на нејзините основачи, за правилниците, особено за вториот од 1897 година воопшто не се спомнува скоро ништо. Во науката одвај да се знаеше дека постои таков правилник.

Авторот на овие редови за прв пат имаше можност да се запознае со оригиналите на правилниците на ВМРО од 1894/95 и од 1897 год. уште пред неколку години. Нивните оригинали денес се наоѓаат во Институтот за национална историја. Правилниците како и уставите имаат големо значење за проучување на организационата поставеност на Организацијата.

Нивното објавување има големо значење за нашата наука од повеќе причини:

Прво, со нивното објавување ќе се добие целосен преглед за развојниот пат на Организацијата, од нејзиното основање до распаѓањето и;

Второ, бидејќи во различни времиња Организацијата официјално носела различни имиња а во тие документи не е означена извршената промена на името, ниту пак тоа е разгледувано во литературата со нивното објавување ќе се овозможи да се воспостави континуитетот во нејзиниот развој преку споредување на нивните текстови, кое, без сомневање ќе даде вонреден материјал за следење како на идејно-политичкото развивање и оформување на организацијата, така и за согледување на степенот на националната израснатост на целото движење.

Со цел да му овозможиме на читателот сам изворно да се запознае со правилниците на ВМРО, за кои досега не беше ништо познато, особено за правилникот од 1897 год., ние ги објавуваме и двата правилника, т. е. едниот од 1894 а другиот од 1897 год. Како што ќе се види овие правилници по нивната формална страна, т. е. по нивните наслови кои се различни како да им припаѓаат на две различни организации. Меѓутоа врз основа на споредување лесно може да се констатира дека меѓу нив постои вонредна блискост и приемственост. Се разбира дека ќе се забележат и суштествени разлики, бидејќи одразуваат и две различни ситуации на револуционерното движење: првите нејзини чекори и нејзината развиеност.

Не навлегувајќи подетално на овоа место во проблемите сврзани со првите устави и правилници на ВМРО, односно со проблемите сврзани со развојот на македонското национално револуционерно движење ние ќе ги изнесеме нашите проучувања за сличностите, односно за разликите меѓу Правилникот од 1895 и овој од 1897 година кои овде за прв пат се објавуваат:

1) Првиот Правилник се вика „Правилник на Българо-Македоно-Одринските революциони комитети", што значи дека во почетокот Организацијата се викала „Българо-Македоно-Одрински револјуциони комитети", додека вториот Правилник се вика „Правилник на Тајната Македоно-Одринска револьуциона организација" што значи дека Организацијата во 1896 година на Конгресот во Солун го променила своето име во „Тајна Македоно-Одринска револьуциона организација".

Овој факт веќе претставува вонредна важност и зборува за постепено ослободување на Организацијата од својата почетна тесноградост.

2) Од 50 члена по колку што имаат и двата правилника, 39 се идентични или слични. Ист е случајот и со поделбата на главите во тие документи, со тоа што од вкупно девет глави само првите две во Правилникот на ТМОРО се разликуваат од првите три на Правилникот на БМОРК.

Она што се разликува е подвлечената независност на ТМОРО, на нејзиниот исклучив суверенитет и компетенција по сите прашања во земјата. Така на пример, додека во Правилникот од 1895 година се предвидува барање, согласност за кревање и раководење со востанието од надворешни револуционерни комитети, со Правилникот од 1897 година тоа право е резервирано исклучиво за внатрешните окружни и околиски комитети. Потоа, исфрлен е

националистичкиот елемент од заклетвата во чл. 15, каде што текстот „борбата за слободата на Бугарите во Македонија и Одринско" е заменет со изразот „борбата за слобода на нашата татковина Македонија и Одринско" итн.

Прилична разлика постои во изгледтот, т. е. во надворешната форма помеѓу Правилникот на БМОРК од 1895 и ТМОРО од 1897 година.

Врз основа на овие комапарации ние сметаме дека Правилникот на ВМОРК е прв Правилник на ВМРО, а Правилникот од 1897 година на ТМОРО е вториот нејзин Правилник. Тргнувајќи од тоа може да се заклучи дека новите уставни документи на Организацијата, донесени по одржувањето на Солунскиот конгрес од 1896 година ја одразуваат не само ширината на револуционерното движење во Македонија, туку во однос на уставните документи од 1894—95 година претставуваат вистинска пресвртница во политичката програма на ВМРО, чии основни принципи, според зборовите на Димо Хаџи Димов, станале „самостојност, интернационалност и самоуправување" што и обезбедувало на Организацијата широка подршка од народните маси во Македонија бидејќи во новиот Устав и Правилник, то ест во нејзината политика, дошле до израз стремежите на масите кон слобода и независност.

За да му дадеме можност на читателот да изврши споредување и сам да се увери во констатираниот развој ние ги даваме и двата Правилника хронолошки. Прво го објавуваме Правилникот на ВМОРК од 1895 а потоа Правилникот на ТМОРО од 1897 година.

*П Р И Л О З И*

I

## П Р А В И Л Н И К

на Буг(арско) Македон(ско) — Одр(инските) револ(уционерни) комитети

### Г л а в а I

### С о с т а в, у с т р о ј с т в о и д о л ж н о с т и н а Р(е в о л у ц и о н е р н и т е) к о м и т е т и

Чл. 1. Централниот Буг(арско) Мак(едонско) Одр(ински Рев(олуционерен) Ком(итет), како и управните тела на месните (Р(еволуционерни) Комитети се состојат: 1) од претседател, 2) секретар, 3) благајник, и неколку членови за советници.

Чл. 2. Членовите на Ц Б М О Р К се избираат секоја година со мнозинство на гласови од раководителите на окружните комитети или нивните полномошници. Местото и времето на изборот се одредуваат од Ц К.

Чл. 3. На тоа собрание од пратениците се одредува седиштето на Ц Б М О Р К, кое треба да остане тајна за сите други членови на комитетите и нивните управни тела:

Чл. 4. Ц К ги има следните должности: 1) Раководи со управните тела на месните комитети, го следи општиот развој на делото и ги дава потребните упатства и поткрепи. 2) Тој направо однадвор и преку месните комитети однатре се грижи за доставувањето на оружје, револуционерна литература и др(уги) т(акви) работи, потребни за успехот на делото. 3) Нему му е оставено правото и грижата за распределување по месните комитети на внесените однадвор материјали, како и на материјалите што им се излишни на месните комитети. 5) Тој ги води контактите со надворешните М(акедонски) Р(еволуционерни) К(омитети) до колку има такви и во договор со нив и со окружните внатрешни комитети, го прогласува денот на востанието, го уредува планот на акциите и раководи со движењето директно или преку специјална комисија, составена од него во договор со надворешните комитети.

## Глава II

### Должности на управните тела на месните р(еволуционерни) комитети

Чл. 5. Покрај должностите предвидени со член 2 од Уставот революционерните комитети се должни да образуваат колку што е можно повеќе комитети во нивниот реон, да се грижат за воведувањето на строг ред во работите, да ги вооружат посиромашните работници, да се грижат за доставување на потребно оружје, зголемување на материјалните средства и воопшто за сето она од кое зависи успехот на револуционерното дело во нивниот реон. Грижата и одговорноста за сите овие работи се споделува еднакво од сите членови на управното тело.

Чл. 6. Окружните комитети направо, а околиските преку окружните, треба да го држат ЦК за текот на работите во нивниот реон, а на крајот од секој месец да даваат отчет за бројот на членовите, за стореното по вооружувањето, за положбата на комитетската каса и воопшто за состојбата на работите во нивниот реон. На крајот на секоја година даваат детален извештај во кој изложуваат: 1) колку другари работници за слободата имаат во секој град и село и колку од нив се способни со оружје в рака да се борат со непријателот; 2) колку оружје имаат и уште колку им е потребно; 3) квалитетот и дејноста на тајната полиција; 4) уредувањето и дејноста на поштата; 5) состојбата на касата; 6) духовите на членовите и на противниците и 7) постојаните вооружени турски сили: војска, заптии, полиција, башибозуци и др.

Чл. 7. Ниту еден БМК не може да влегува во контакт со други комитети било да се внатрешни или надворешни, без дозвола на ЦК. Исклучок од тоа се прави меѓу соседните комитети за изненадни работи и за потреби што не трпат одлагање. Во таков случај се договараат раководителите со посебни писма и затоа веднаш му јавуваат на ЦК.

## Глава III

### Должности на членовите на управните тела

Чл. 8. Претседателот на комитетот ги свикува собранијата и раководи со нив. Собранијата се свикуваат редовно секоја недела и вонредно кога за тоа ќе се јави потреба.

Забелешка: Прашањата се решаваат со мнозинство гласови.

Чл. 9. Претседателот им соопштува на началниците на групите сам или на посреден начин за комитетските решенија; тој раководи сам или посредно со тајната полиција и поштата и ја потпишува кореспонденцијата.

Чл. 10. Благајникот ја води паричната работа на комитетот; тој ги прибира членските влогови, доброволните помошти и др. и отпушта пари за комитетски потреби само по заповед на претстедателот. Тој не може да троши комитетски пари за своја потреба.

Чл. 11. Благајникот треба да биде готов секој момент да даде отчет како на Централниот така и на месниот комитет.

Чл. 12. Секретарот ги води протоколите на собранијата и ги води сите писмени работи на комитетот.

## Глава IV

### Должности на началниците на групите

Чл. 13. Началниците на групите се должни: 1) да им ја предаваат на своите потчинети групи задачата поставена од претстседателот или посредникот; 2) да му јавуваат на претседателот или на посредникот секоја недела за положбата на групите во секој однос: за дисциплина, за оружјето и др.; да се грижат и да се држи во исправност оружјето на борците; 4) да ги собираат за да ги поучуваат редовно секоја недела своите потчинети и вонредно — секогаш кога за тоа ќе има потреба; исто така да им даваат и да им читаат револуционерни книги и воопшто на разни начини да им го засилуваат револуционерниот дух; 5) да ги собираат месечните влогови и доборовлни помошти на своите потчинети и да му ги предаваат на претседателот или на посредникот.

## Глава V

### Должности на членовите-работници

Чл. 14. Нови членови се примаат само со препорака на некој стар член и со дозвола на претседателот.

Чл. 15. Секој член при стапувањето во Комитетот треба да положи ќлетва, која гласи „Се заколнувам во бога, во верата и во својата чест дека до смрт ќе се борам за слободата на Бугарите во Македонија и Одринско, дека безусловно ќе се покорувам на старешините и безпоговорно ќе ги извршувам неговите заповеди; дека никому нема да ја предадам ни со збор, ни со дело тајната, со која денес се венчувам и се она кое од денес натаму ќе го чујам, видам и разберам по делото. Во спротивен случај, нека бидам убиен од еден од другарите со револверот или камата што ги целивам овде". Клетвата се дава пред евангелие, револвер, кама или какво што оружје ќе се најде; трипати се поклонува, се целиваат изброените работи кои по клетвата пак се целиваат. Клетвата може да се даде пред кој и да било член на комитетот, но духовните лица се претпочитаат.

Чл. 16. Пред да се препорача новиот член потребно е директно или посредно да се разбере неговото мислење за востанието, чувствата, степенот на неговата решителност и, каде што е тоа можно, неговото минато. Кон клетвата се пристапува само откако ќе му се укаже на најголемите опасности и смртта, а тој не покажува никаква малодушност. Пред клетвата ништо не треба да му се соопштува за делото, па макар какви и да дава ветувања.

Забелешка: Како агитационо средство за привлекување на нови работници, служат бунтовничките весници, брошури и книги, разговори воопшто за полжбата, животот, потребите, нашите должности и др(уго) с(лично).

Чл. 17. Секој работник дава паричен влог според својата состојба, должен е сам да се грижи за своето вооружување и да го држи оружјето во исправност. За вооружувањето на посиромашните членови се грижи комитетот.

Чл. 18. Секој член ќе ги знае само другарите и началникот на неговата група. Ако некој од членовите се обидува да научи од друг член било за лицата на управното тело, било другите членови или некои поединости по делото преку двосмислени и лукави запрашувања, прашаниот член треба отворено да го разобличи прашувачот и затоа да му јави на својот началник. Работниците треба да бидат свесни, чесни, тајни и непоткупливи; тие не треба да пијат, ниту да му зборуваат на некого што и да било за револуционерното дело, не исклучувајќи ги и најблиските пријатели домашни и роднини. Спрема никого тие не треба да имаат заканувачко држење и систематски да го избегнуваат се она што може да роди кај луѓето сомневање дека се членови на Комитетот. Им се забранува на работниците пеење на бунтовнички песни и патриотски изливи на чувства, не само пред неодредени на делото луѓе, туку и пред другари по делото.

Чл. 19. Ни еден работник и под никаков изговор не може да го откаже неказнето исполнувањето на дожноста што му е определена од старешините, била таа лесна или тешка, во местото или надвор од него.

Чл. 20. Секој работник што и да дознае и чуе нешто полезно или штетно за делото, должен е навреме да им го соопшти на своите старешини.

Чл. 22. Ако некој член падне во рацете на полицијата при извршување на некоја комитетска работа или просто како революционер заподозрен не по негова вина, комитетот е должен да се грижи за неговото ослободување со сите возможни средства и да му притекне на помош со пари нему како и на неговото семејство. Од тоа се исклучуваат оние членови што на своја глава се зафатиле да вршат некои работи и паднале во рацете на полицијата по своја вина или по свои работи.

Чл. 23. Секој работник е должен да му притекне на помош на својот другар, кога ќе види дека се наоѓа во некоја незгода.

Чл. 24. Им се забранува на работниците самоволно да вршат каква и да било работа без дозвола на раководителот, дури и тогаш кога јавно се гледа дека од работата ќе има полза за делото. Кој со таква своеволна работа ќе му нанесе штета на делото, покрај тоа што се лишува од правото на заштита, туку и се казнува.

Чл. 25. Работниците од една група не треба да им се откриваат на работниците од друга група или од друг комитет, освен кога за тоа ќе им се нареди.

Чл. 26. За пакосници на делото се сметаат оние работници, кои ги критикуваат и напаѓаат и своите началници, управното тело или воопшто делото.

## Глава VI

### Кореспонденција

Чл. 27. Кореспонденцијата помеѓу комитетите се води секогаш со хемиско мастило и со примена на шифрирана азбука, која ќе ја знаат секретарот и претседателот и се испраќа со тајната пошта. Во позивите обраќањата и друго секогаш треба да се употребуваат псевдонимите и броевите.

Чл. 28. Архивата на комитетите се состои од записниците на управното тело, од кореспонденцијата со потчинетите и повисоките комитети, од сметките, копии од извештаите, од картата и географско статистичките белешки и од списокот на работниците. Таа треба да биде напишана со шифрирана азбука и со мастило примено за архивата.

## Глава VII

### Тајната пошта

Чл. 29. За сигурно водење на кореспонденцијата секој комитет има своја тајна пошта.

Чл. 30. За курири се избираат луѓе што чуваат тајна, карактерни и храбри. Тие се должни да му ги предаваат негибнати писмата на означетото лице. Усните пораки треба да се предаваат од куририот директно на одредено лице и буквално без никакви пропуштања ни додавања. Имињата на куририте однапред треба да им се јавуваат на лицата до кои е испратена кореспонденцијата.

Забелешка: Специјалните пратеници или се снабдуваат со полномошно или преку друг канал им се соопштуваат имињата.

Чл. 31. Со тајната пошта се пренесуваат и покрупни материјали како оружје; книги и др.

Чл. 32. Кога се пренесува важна кореспонденција или важни материјали, куририте задолжително треба да се добро вооружени и снабдени со отров.

Чл. 33. Патни трошоци и дневните загуби на куририте се исплатуваат од касата на месниот комитет, кога тие нарочно се испратени.

## Глава VIII

### Тајната полиција

Чл. 34. Секој комитет има тајна полиција која се состои од две одделенија: истражно и казнено. Раководителот на комитетот избира еден од работниците за началник на истражната комисија, а тој си избира тројца помошници, кои не треба да се познаваат помеѓу себе.

Чл. 35. Тајната истражна полиција ќе го следи: 1) држењето и делата на членовите на комитетот, 2) зборовите и делата на турското и хирстијанското насление во однос спрема делото, 3) мерките, што ги зема против него турската власт, 4) ќе ја следи чекор по чекор турската јавна и тајна полиција и нејзините акции спрема делото, и 5) ќе ги следи и проучува сите новодојдени туѓинци во градот без разлика на народност. За сето чуено и видено таа преку својот началник го известува раководителот на комитетот.

Чл. 36. Казнената полиција се избира на ист начин како истражната и му е потчинета на раководителот на месниот комитет. Началникот дава заклетва пред раководителот за беспоговорно извршување на неговоте заповеди, а помошниците даваат клетва пред началникот.

Чл. 37. Должноста на казнетата полиција е: да ги извршува по заповед на раководителот казните предвидени од месниот комитет или пропишани од Централниот комитет за лица што згрешиле по делото.

Чл. 38. Извршителите на казната се избираат со жрепка. На нив им се остава слобода да изберат начин на казната, но времето на извршувањето се одредува од раководителот.

Чл. 39. Секој член на казнената полиција секогаш треба да е вооружан со револвер и кама, а во време на акција — со два револвера.

Чл. 40. Тајната казнена полиција целата или делумно по жрепка е должна да им притекува на помош на соседните комитсти по заповед на раководителот на округот и по заповед на ЦБМОРК надвор од округот.

## Глава IX

## Казни

Чл. 41. Членовите работници што згрешиле се казнуваат со следниве казни: 1) ако престапот е слаб, на пример) слабост во некој разговор, нередовност во задолженијата и плаќањето на влогот и др(уго) сл(ично) му се упатува опомена на началникот, а ако го повтори истиот престап, се казнува со глоба според неговата материјална состојба; ако и по тоа не се поправи и стане опасен за Делото, се казнува со смрт; 2) ако е грешката гибелна за делото особено ако извршувачот на грешката рескира да попадне и да го доведе делото во опасност, тој се казнува со смрт дури и тогаш, кога грешката е ненамерна; 3) ако некој откаже да ја изврши наредбата на старешините првиот пат му се прави укор, а ако го повтори истото, се казнува со смрт и 4) ако некој намерно издава тајна или со несовесното исполнување на должноста што му е доверена го излага делото на опасност, се казнува со смрт.

Чл. 42. За оние што му штетат на делото а не се членови на комитетот се предвидуваат следниве казни: 1) ако некој зборува и го разгласува постоењето на комитетот, се подбива со делото и ги загатнува имињата на работниците-револуционери, прво му се сугерира дека тоа држање не е патриотско и е сврзано со ризик, а потоа, ако не се вразуми, се казнува со смрт; 2) кој намерно му пречи на делото, било тоа Бугарин или не се казнува со смрт.

Чл. 43. Со смртна казна се казнуваат уште: шпионите и оние службеници на власта кои се пројавиле со прогонување на делото, оние Бугари, внатрешни или надворешни, кои се обидуваа да сеат раздори и расцепување во комитетот; куририте предавници, членовите на тајната полиција кои откажуваат да ги извршат наредбите на началникот и оние членови на комитетот, што при прогласувањето на востанието се откажуваат да го дигнат оружјето.

Чл. 44. Смртните казни се извршуваат од месната тајна казнена полиција или од тајни пратеници на Централниот комитет. Тие се вршат со претходна дозвола од Централниот комитет.

## Глава X

## Вооружување

Чл. 45. Секој член треба да биде снабден со пушка а таму каде што е тоа можно — и со револвер и кама. Купувањето на оружје станува со претходно согласие на ЦБМОРК; кога ќе му се јави цената, видот и др(уго).

Чл. 46. Секој член треба да има готови алишта, опинци, пексимит, памук, преврски за рани и др(уго) што му се пропишани од старешините.

## Глава XI

## Материјални средства на комитетот

Чл. 47. За задоволување на потребните расходи на комитетот, а главно за вооружување на работниците, комитетот набавува средства: (1) од редовните месечни влогови на членовите, одредени според нивната (материјална) состојба и 2) од прилозите што се дадени доброволно или се наложени.

Забелешка: Доброволни помошти се тие што се даваат од членовите, така и од луѓе, што не се решаваат да станат работници, но го симпатизираат и саката да му помогнат на делото, та даваат извесни суми. Наложените помошти се земаат со застрашување или со сила од луѓе, што можат, но несакаат да помогнат.

Чл. 48. Како за едните, така и за другите помошти им се даваат на дарителите признаници со број и оверени со печат на ЦБМОРК.

Забелешка: Прво се собираат помошните од оние што сакаат да помогнат, а кога ќе стане потреба и од друга помош, се пристапува кон нејзиното собирање со претходно одобрение од ЦБМОР Комитет.

Чл. 49. Сумите како за едните така и за другите помошти се одредуваат од месниот комитет со согласност на ЦБМОР Комитет.

Забелешка. При собирање на наложените помошти од еден од казнената полиција или од друг член се поднесува застрашувачко писмо со чек, кој го носи печатот на ЦБМОР Комитет и кога ќе ги брои парите му се дава признаница на одредената сума.

Чл. 50. Секој комитет задолжително го испраќа во касата на ЦБМОР комитет третиот дел од собраните пари заедно со сметките. Тие се должни да внесуваат во касата на Централниот комитет еднообразно[1]) и останатиот дел од парите кога ќе им се побараат.

II

# ПРАВИЛНИК

на

Тајната македон(о)-одр(инска) revол(уционерна) организација

## Глава I

### Централен комитет

Чл. 1. Ц(ентралниот) М(акедоно) Одр(ински) К(омитет) се состои од: 1) претседател, 2) секретар, 3) благајник и неколку членови за советници.

Чл. 2. ЦК ги има следниве должности: 1) Раководи со комитетите на месните организации, го следи општиот развој на делото и ги дава потребните упатства и поткрепи. 2) Тој направо однадвор и преку месните комитети одвнатре се грижи за доставувањето на оружје, револуционерна литература и др(уги) т(акви) работи, потребни за успехот на делото. 3) Нему му е оставено праовто и грижата за распределување на материјалите внесени однадвор, како и на оние што им се излишни на месните организации. Тој ги води контактите со надворешните Революционерни Комитети до колку има такви. 5) Во согласност со окружните и околиските комитети, го прогласува денот на востанието, го уредува планот на акциите и раководи со движењето направо или преку специјална комисија, составена од него. 6) За тој ден тој може да влезе во спогодба и да побара содејство од надворешни Революционерни Комитети.

## Глава II

### Селски околиски и окружни комитети

Чл. 3. Селските, околиските и окружните комитети се состојат од по еден раководител и неколку советници, помеѓу кои се избира еден за благајник и друг за помошник на раководителот.

Чл. 4. Р(еволуционерните) Комитети се должни да се стремат колку што е можно повеќе за распространувањето на револуционерни идеи во нивниот реон, да се грижат за воведувањето на строг ред во работите, да ги вооружуваат посиромашните работници, да се грижат за доставување на потребното оружје, зголемување на материјалните средства и воопшто за сето она од кое зависи успехот на революционенрото дело во нивниот реон. Покрај тоа тие треба да ги уредуваат и приватните расправии на членовите. Грижата и одговорноста за сите тие работи се споделува на рамно од сите членови на управното тело

Чл. 5. Окружните комитети, направо а Окол(иските), преку Окружните, треба да го држат ЦК за текот на работите во нивниот реон, а на крајот од секој месец да даваат отчет за бројот на членовите, за стореното по вооружувањето, за положбата на комитетската каса и воопшто за состојбата на работите во нивниот реон. На крајот на секоја година даваат

---

[1]) Нејасно во оригиналот.

детален извештај во кој изложуваат: 1) колку другари работници за слободата имаат во секој град и село и колку од нив се способни со оружје в рака да се борат со непријателот; 2) колку оружје имаат и уште колку им е потребно; 3) квалитетот и дејноста на тајната полиција; 4) уредувањето и дејноста на поштата; 5) состојбата на касата; 6) духовите на членовите и на противниците и 7) постојаните вооружени турски сили: војска, заптии, полиција, башибозуци и др.

Чл. 6. Ниеден местен комитет не може да влегува во контакт со други комитети било да се внатрешни или надворешни без дозвола на ЦК. Исклучок од тоа се прави меѓу соседните Внатрешни комитети за изненадни работи и за потреби што не трпат одлагање. Во таков случај се договараат раководителите со посебни писма и затоа веднаш му јавуваат на ЦК.

Чл . 7. Раководителот на комитетот ги свикува собранијата и раководи со нив. Собранијата се свикуваат редовно секоја недела и вонредно кога за тоа ќе се јави потреба.

Забелешка. Прашањата се решаваат со мнозинство гласови.

Чл. 8 Раководителот се задолжува да се советува со своите другари од комитетот (Раководното тело) по сите прашања во нивниот реон и да ги држи наполно во тек за сите комитетски работи.

Чл. 9. Раководиетлот им ги соопштува на началниците на групите сам или посредно комитетските решенија, тој распоредува сам или посредно со тајната полиција и пошта и ја потпишува кореспонденцијата.

Чл. 10. Благајникот го води паричниот дел на комитетот; тој ги прибира членските влогови, доброволните помошти и др. и отпушта пари за комитетски потреби само по заповед на раководителот. Тој не може да троши комитетски пари за своја потреба.

Чл. 11. Благајникот се задолжува секој месец да дава подробна сметка на општото собрание на комитетот (раководното тело).

Чл. 12. Помошнико ги исполнува сите должности на раководителот во негово отсуство или по негово задолжение.

## Глава III

### Должности на началниците на групите

Чл. 13. Началниците (или десетарите) на групите во месните организации се должни: да им ја предаваат на своите потчинети групи задачата поставена од раководителот или посредникот; 2) да му јавуваат на раководителот или на посредникот секоја недела за положбата на групите во секој однос: за дисциплината, за оружјето и др.; 3) да се грижат да се држи во исправност оружјето на борците; 4) да ги собираат секоја недела редовно своите потчинети и вонредно — секогаш кога за тоа ќе има потреба, за да ги поучуваат; исто така да им даваат и читаат револуционерни книги и воопшто да им го засилуваат револуционерниот дух на разни начини; 5) да ги собираат месечните влогови и доброволни помошти на своите потчинети и да му ги предаваат на раководителот или на посредникот; 6) да го следат поведението на работниците и особено оние нивни постапки што можат да бидат штетни за делото.

## Глава IV

### Должности на членовите-работниците

Чл. 14. Нови членови се примаат само по препорака на некој стар член и со дозвола на раководителот.

Чл. 15. Секој член при стапувањето во организацијата треба да положи клетва, која гласи: „Се заколнувам во бога, во верата и во својата чест дека до смрт ќе се борам за слободата на нашата татковина Македонија и Одринско, дека безусловно ќе се покорувам на старешините и безпоговорно ќе ги извршувам неговите заповеди; дека никому нема да му ги издадам ни со збор, ни со дело работите на Организацијата и сето она што од денес натаму ќе го чујам, видам и разберам по делото. Во противен случај, нека бидам убиен од еден од другарите со револверот или камата што овде ги целивам".

Клетвата се дава пред евангелие, револвер, кама или какво што оружје ќе се најде; трипати се поклонува, се целиваат изброените работи, кои по клетвата пак се целиваат. Клетвата може да се даде пред кој и да било член на комитетот.

Чл. 16. Пред да се препорача новиот член, потребно е директно или посредно да се разбере неговото мислење за востанието, чувствата, степенот на неговата решителност и, каде што е тоа можно, неговото минато. Кон клетвата се пристапува само откако ќе му се укаже на најголемите опасности и смртта, а тој не покажува никаква малодушност. Пред клетвата ништо не треба да му се соопштува по делото, па макар какви и да дава ветувања.

Забелешка: Како агитационо средство за привлекување на нови работници, служат бунтовничките весници, брошури и книги, разговори воопшто за положбата, животот, потребите, нашите должности и др(уго) с(лично).

Чл. 17. Секој член дава паричен влог според својата состојба, должен е сам да се грижи за своето вооружување и да го држи оружјето во исправност. За вооружувањето на посиромашните членови се грижи комитетот.

Чл. 18. Ниеден работник и под никаков изговор не може да го откаже неказнето исполнувањето на должноста што му е определена од старешините, била таа лесна или тешка, во местото или надвор од него.

Чл. 19. Секој работник што и да узнае и чуе нешто полезно или штетно за делото, должен е навреме да им го соопшти тоа на своите старешини.

Чл. 20. Ако некој член падне во рацете на полицијата при извршувањето на некоја комитетска работа или просто како револуционер заподозрен не по негова вина, комитетот е должен да се грижи за неговото ослободување со сите возможни средства.

Од тоа право се исклучуваат оние членови што на своја глава се зафатиле да вршат некои работи и паднале во рацете на полицијата по своја вина или по свои работи.

Чл. 21. Секој работник е должен да му притекне на помош на својот другар, кога ќе види дека се наоѓа во некоја незгода.

Чл. 22. Им се забранува на работниците да вршат каква и да било работа самоволно без дозвола на раководителот. Кој со каква своеволна работа му нанесе штета на делото, покрај тоа што се лишува од правото на заштита, тој и се казнува.

Чл. 23. Работниците од една месна организација не треба да им се откриваат на работници од друга месна организација, освен кога тоа ќе им се нареди.

## Глава V

## Кореспонденција

Чл. 24. Кореспонденцијата помеѓу комитетите се води секогаш со хемиско мастило и со примената на шифрирана азбука, која ќе ја знаат само помошникот и раководителот и се испраќа со тајната пошта. Во адресите, обраќањата и др(уго) секој пат треба да се употребуваат псевдонимите.

Чл. 25. Архивата на комитетите се состои од кореспонденција со потчинетите и повисоките комитети, од сметките, копии од извештаите, од картата и географско-статистичките белешки и од списокот на работниците. Таа треба да биде напишана со шифрирана азбука и со мастило примено за азбуката.

## Глава VI

## Тајната пошта

Чл. 26. За сигурно водење на кореспонденцијата, секој комитет си има своја тајна пошта.

Чл. 27. За курири се избираат луѓе што чуваат тајна, тврдо карактерни и храбри. Тие се должни да му ги предаваат негибнати писмата на означеното лице. Усните порачки треба да се предаваат од куририот директно на одреденото лице, буквално и без никакви пропуштања и додавања. Имињата на куририте однапред треба да им се јавуваат на лицата до кои е испратена кореспонденцијата.

Забелешка: Специјалните пратеници се снабдуваат со полномошно или преку друг канал им се соопштуваат имињата.

Чл. 28. Со тајната пошта се пренесуваат и покрупни материјали како оружје, книги и др(уго).

Чл. 29. Кога се пренесува важната кореспонденција или важни материјали, куририте задолжително треба добро да се вооружени и снабдени со отров.

Чл. 30. Постојаните сиромашни курири се издржуваат од касата на месната организација.

## Глава VII

## Тајната полиција

Чл. 31. Секој комитет има тајна полиција која се состои од две одделенија: истражно и казнено. Раководителот на комитетот избира еден од работниците за началник на истражната комисија, а тој си избира тројца, помошници кои помеѓу себе не треба да се познаваат.

Чл. 32. Тајната истражна комисија ќе го следи: 1) држењето и делата на членовите на комитетот; 2) зборовите и делата на турското и христијанското население во однос спрема делото; 3) мерките што ги зема против него турската власт; 4) ќе ја следи чекор по чекор турската јавна и тајна полиција и нејзините акции спрема делото и 5) ќе ги следи и проучува сите новодојдени туѓинци во градот без разлика на народонст. За сето чуено и видено преку својот началник таа го известува раководителот на комитетот.

Чл. 33. Казнената полиција се избира на ист начин како истражната и му е потчинета на раководителот на месниот комитет. Началникот дава клетва пред раководителот за беспоговорно извршување на неговите заповеди, а помошниците даваат пред него таква клетва.

Чл. 34. Должноста на казнената полиција е: да ги извршува по заповед на раководителот казните предвидени од месниот комитет или пропишани од Централниот комитет, за лица што згрешиле по делото.

Чл. 35. Лицето и времето за извршување на казната се одредуваат од раководителот, а начинот на извршувањето му се остава на избраното лице.

Чл. 36. Секој член на казнената полиција секогаш треба да е воооружен со револвер и кама, а во време на акција — со два револвера.

Чл. 37. Тајната казнена полиција целата или делумно е должна да им притекнува на помош на соседните комитети по зповед на раководителот на округот и по заповед на ЦМОРК надвор од округот.

## Глава VIII

## Казни

Чл. 38. Членовите работници што згрешиле се казнуваат со следниве казни: 1) ако престапот е слаб; на при(мер) слабост во некој разговор, нередовност во задолженијата и плаќањето на влогот и др(уго) с(лично) им се упатува опомена од началникот, а ако го повтори истиот престап, се казнува со глоба според неговата материјална состојба; ако и по тоа не се поправи и стане опасен за делото, се казнува со смрт; 2) ако е грешката гибелна за делото, особено ако извршувачот на грешката рескира да попадне и да го доведе делото во опасност, тој се казнува со смрт; дури и тогаш кога е грешката направена не сакајќи; 3) ако некој откаже да ја изврши наредбата на старешините првиот пат му се прави укор, а ако го повтори истото, се казнува со смрт; и 4) ако некој немарно издава тајна или со несовесното исполнување на должноста што му е возложена го излага делото на опасност се казнува со смрт.

Чл. 39. За оние што му штетат на делото а не се членови на комитетот, се предвидуваат следниве казни: 1) ако некој зборува и го разгласува постоењето на организацијата, се подбива со делото и ги загатнува имињата на работниците — револуционери, прво му се сугерира дека тоа држење не е партиотско и е сврзано со ризик, а потоа, ако не се вразуми, се казнува со смрт; 2) кој намерно му пречи на делото се казнува со смрт.

Чл. 40. Со смртна казна се казнуваат уште шпионите и оние службеници на власта, кои се пројавиле со прогонување на делото, кои се обидуваат да сеат раздори и расцеп во комитетот, куририте предавници, членовите на тајната полиција, кои откажуваат да ги извршат наредбите на началникот и оние членови на комитетот што при прогласувањето на востанието ќе се откажат да го дигнат оружјето.

Чл. 41. Смртните казни се извршуваат од месната тајна казнена полиција или од тајни пратеници на ЦК. Тие се вршат со претходна дозвола на Централниот комитет. Исклучок се прави за докажаните шпиони и предавници кои можат да бидат убиени само по решение на месните комитети.

### Глава IX

### Вооружување

Чл. 42. Секој член треба да биде снабден со пушка, а таму каде што е тоа можно — и со револвер и кама.

Чл. 43. За крупни набавки на оружје се грижат Централниот, окружниот и месните комитети, а за купување оружје на мало е должен да се грижи секој член на организацијата.

Чл. 44. Секој член треба да има готови алишта, опинци, пексимит, памук, преврски за рани и др(уго) што му се пропишани од старешините.

### Глава X

### Материјални сресства на комитетот

Чл. 45. За задоволување на потребните расходи на Комитетот а главно за вооружување на работниците, комитетот набавува средства: 1) од редовните месечни влогови на членовите, одредени според нивната (материјална) состојба и 2) од прилозите што се даваат доброволно или се наложени.

Забелешка: Доброволни помошти се тие што се даваат како од членовите, така и од луѓе што не се решаваат да станат работници, но симпатизираат и сакаат да му помогнат на делото, та даваат извесни суми. Наложените помошти се земаат со застрашување или со сила од луѓе што можат, но не сакаат да помогнат.

Чл. 46. Како за едните така и за другите помошти им се даваат на дарителите признаници со број и со печат на ЦМОРК.

Забелешка: Прво се собираат помоштите од оние што сакаат да помогнат, а кога ќе стане потреба и од друга помош, се пристапува кон нејзиното собирање со претходно одобрение на ЦМОР Комитет.

Чл. 47. Сумите како за едните така и за другите помошти се определуваат од месните комитети со огласност на ЦМОР Комитет.

Забелешка: При собирање на наложените помошти од еден од казнената полиција или од друг член се поднесува заплашително писмо со чек, кој го носи печатот на ЦМОРК, и кога ќе ги брои парите, му се дава признаница на дадената сума.

Чл. 48. Секој комитет задолжително го испраќа во благајната на ЦМОР Комитет третиот дел од собраните пари заедно со сметките; тие се должни да внесуваат во касата на Централниот комитет еднообразно (взаемнообразно) и останатиот дел од парите кога ќе им се побараат.

*Б. Панов*

## БОГОМИЛСКОТО ДВИЖЕЊЕ ВО МАКЕДОНИЈА

Богомилското учење спаѓа во редот на средновековните еретички движења преку кое македонскиот народ, во чија што земја тоа се појавило, ја изразувал својата класна и ослободителна борба, почнувајќи од X век и во тек на повеќе векови. Од Македонија, богомилството, како антифеудално народно движење, се проширило особено во XII—XIII век и во областите на Бугарија, Србија, Босна, Албанија, Византија, продирајќи дури во Северна Италија и Јужна Франција.